ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-162/12**

**Дата: 03.12.2010**

ДО

СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
„ЈОСИП БРОЗ ТИТО“ - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата се констатирани недостатоци во законските акти во врска со начинот на финансирање на програмата за меѓународна матура, неевидентирани обврски и побарувања во сметководствената евиденција и неосновано остварени приходи од закупнини.

Со цел подобрување на состојбата во СУГС „Јосип Броз Тито“ - Скопје ревизијата препорачува да се изготви правилник со кој ќе се уредат сите прашања поврзани со обезбедувањето на успешно функционирање на програмата за меѓународна матура и да усвои пишани процедури со кои ќе се утврди начинот на материјалното задолжување со компјутерската опрема и начинот на надоместување на констатираната штета.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје - сметка на буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- М-р Снежана Мироновска, директор од 22.04.2004 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.08.2010 до 30.09.2010 кај Средното училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“ - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 30.09.2010 година.

На ден 15.11.2010 година со писмо број 03-184/2 од 12.11.2010 примени се забелешки од одговорното лице на субјектот, број 09-162/9 од 15.11.2010, по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат нови докази за измена на констатациите изнесени во Нацрт извештајот.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1 СУГС „Јосип Броз Тито“ остварува приходи врз основа на партиципација за упис на ученици во програмата за меѓународна матура. Оваа програма е воведена со Решение број 11-758/3 од 24.05.1995 година од Министерство за образование и наука со кое СУГС „Јосип Броз Тито“ е задолжено да воведе експериментална настава по меѓународна матура. Со Решение број 11-1537/5 од 07.07.1997 година го верифицира експерименталниот план и програми за меѓународна матура.

Со оглед на тоа што за изведување на оваа програма се јавуваат трошоци (уписнина на ученици, трошоци за прегледување на тестови, набавка на опрема, учебници, обука на наставниот кадар и зголемување на книжниот фонд) запишаните ученици, на име партиципација, уплаќаат износ во висина од 2000 евра за две учебни години. Не ни беше презентиран усвоен ценовник од страна на Училишниот одбор со кој висината на партиципацијата е утврдена на горенаведениот износ, не е направена калкулација на трошокот за изведувањето на наставата по меѓународна матура што би ја дал реалната цена на партиципацијата и не е предвидено за која намена ќе се користат овие средства. За висината на партиципацијата не е добиена ниту согласност од страна на МОН. Наведеното не е во согласност на член 3 од Законот за средното образование според кој средното образование во РМ е бесплатно, при што со законот не се предвидени исклучоци, ниту пак со други законски или подзаконски акти е регулиран начинот на финансирање на оваа програма. Во 2009 година по основ партиципација за упис на ученици во оваа програма училиштето има остварено приходи од 1.795 илјади денари, односно 82 % од вкупно остварените приходи на оваа сметка.

**Препорака**

Одговорните лица во СУГС „Јосип Броз Тито“ во соработка со основачот Град Скопје и Министерстовото за образование и наука да ја преиспитаат основаноста за партиципација од учениците за меѓународна матура и со законско решение да се регулира начинот на финансирање на оваа програма.

## 3.2 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1 СУГС „Јосип Броз Тито“ не ги евидентира сметководствено обврските кон добавувачите и побарувањата кон купувачи, иако истите ги заведува во книга на влезни и излезни фактури, што не е во согласност со член 2 и член 6 Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради ова одговорните лица во училиштето немаат увид во фактичката состојба на обврските и побарувањата, што има за ефект нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи и може да доведе до судски спорови со добавувачите и застарување на побарувањата

**Препорака**
Одговорниот сметководител да изврши целосно и навремено евидентирање во сметководствената евиденција на сите влезни и излезни фактури и да обезбеди целосна, точна, објективна и навремена евиденција на соодветните позиции во Билансот на состојба.

### Биланс на приходи и расходи

3.2.2 СУГС „Јосип Броз Тито“ – Скопје остварило приходи од закупнина на недвижности, кои се во состав на објектот што го користи училиштето, во вкупен износ од 324 илјади денари. До датумот на ревизијата, Градот Скопје како основач на училиштето не се стекнал со право на сопственост на објектот на истото, во согласност со Одлуката на Владата за пренесување на основачките права и обврски над постојните државни средни училишта, на општините и на Градот Скопје од 2005 година, според која сопственичките права на СУГС „Јосип Броз Тито“ треба да припаднат на Градот Скопје и истите да бидат евидентирани во неговата евиденција. Имајки предвид дека не настанала промена на сопственоста од централно на локално ниво, СУГС не постапило согласно член 7 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и неосновано се стекнало со средства од закупнина кои треба да се уплатуваат во Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**
Одговорното лице на СУГС да преземе мерки за раскинување на договорот со закупците на наведените објекти и да го извести Градот Скопје за регулирање на сопственоста и донесување на посебен акт со кој ќе го уреди начинот на користење и располагање со недвижностите.

3.2.3 Со увид во поткрепувачката документација за извршените исплати на средства за настанати трошоци за службени патувања на вработените во странство ревизијата ги утврди следниве недостатоци:

- Поради погрешен начин на пресметка на издатоците за службено патување од пропишаниот со член 11 од Уредбата за издатоци за

службени патувања, исплатен е повисок износ на дневниците за службени патувања во странство;

- Решенијата за службено патување во странство не содржат информација околу тоа кој ќе ги сноси издатоците за сместување и исхрана. Согласно член 5 од Уредбата за издатоци за службени патувања во странство овој податок е задолжителен елемент на решенијата со оглед на тоа што врз основа на него се детерминира висината на дневницата за служено патување во странство. Поради ова изразуваме несигурност во поглед на реалноста и објективноста на утврдената висина на исплатените дневници.

Направените пропусти имаат за ефект исплата на средства за службени патувања во износ кој е повисок од дозволениот со Уредбата за издатоци за службени патувања.

**Препорака**

Пресметката на издатоците за дневници и изготвувањето на решенија за службени патувања во странство да се вршат на начин и во рамките на износите утврдени со Уредбата.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 3.2.1 кои се однесува на неевидентирани обврски и побарувања во сметковдствената евиденција ревизијата изрази резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.2.1, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на СУГС „Јосип Броз Тито“ – Скопје – сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за прашањата изнесени во точките 3.1.1, 3.2.2 и 3.2.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на СУГС „Јосип Броз Тито“ – Скопје – сметка на буџет од самофинансирачки активности, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

Скопје, 25.11.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | **2009** | | **2008** |
| | | | | |
| **Приходи** | | | | |
| Неданочни приходи | | 2.261 | | 3.395 |
| Трансфери и донации | | 852 | | 1.688 |
| **Вкупно приходи** | | **3.113** | | **5.083** |
| | | | | |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Стоки и услуги | | 1.637 | | 4.232 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.637** | | **4.232** |
| | | | | |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | | 287 | | 179 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **287** | | **179** |
| | | | | |
| **Вкупно расходи** | | **1.924** | | **4.411** |
| | | | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **1.189** | | **672** |
| | | | | |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | | |
| | | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **1.189** | | **672** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.189 | 869 |
| Залихи | 0 | 391 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.189** | **1.260** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 7.707 | 5.335 |
| **Вкупно постојани средства** | **7.707** | **5.335** |
| **Вкупна актива** | **8.896** | **6.595** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 8 | 17 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 20 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 1.161 | 852 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.189** | **869** |
| Извори на капитални средства | 7.707 | 5.726 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **7.707** | **5.726** |
| **Вкупна пасива** | **8.896** | **6.595** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **5.335** | **391** | **5.726** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **3.710** | **-** | **3.710** |
| Набавки и корекција по погрешно пренесена почетна состојба | 3.555 | - | **3.555** |
| Ревалоризација на капитални средства | 155 | - | **155** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.338** | **391** | **1.729** |
| Кусок по попис | 33 | 391 | **424** |
| Амортизација | 1.305 | - | **1.305** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **7.707** | **-** | **7.707** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 15-11.2010
09 - 162/9

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ГИМНАЗИЈА
„ЈОСИП БРОЗ ТИТО“
Бр. 03-184/2
12.11.2010
СКОПЈЕ

СУГС Гимназија „Јосип Броз Тито„
Скопје

До Овластен државен ревизор

12. 11. 2010

Предмет: **Барање за внесување на забелешки во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на буџет за самофинансирачки активности на Средно училиште на Град Скопје „ Јосип Броз Тито Скопје,**

Во врска со Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на буџет за самофинансирачки активности на Средно училиште на Град Скопје „ Јосип Броз Тито Скопје, би сакале да укажеме на следното:

Во извештајот за сметката на Буџет за самофинансирачки активности на Средно училиште на Град Скопје „ Јосип Броз Тито Скопје во точка 3.1 се наведени забелешки во врска со усогласеноста со закони и прописи каде се образложуваат приходите остварени врз основа на партиципација за упис на ученици во програмата за меѓународна матура. Би сакале да укажеме на фактот дека извештајот во потполност не ја отсликува реалната состојба по однос на следните точки.

**Поради тоа бараме Извештајот на ревизорот да биде дополнет со следните забелешки:**

1. Во однос на статусот на програмата на М.Матура според решението кое е издадено со бр. 11-1537/5 од 07.07.1997 каде се утврдува статус на програмата како експериментален план и програма за меѓународна матура во **извештајот на ревизорот не е дополнето дека со измените на Законот за средно образование од 2002 год. во член 44 е внесена промена која гласи:**

Во гимназиското образование може да се реализира и програма за Меѓународна матура за што согласност дава министерот. Програмата за меѓународна матура е со иста важност како и гимназиското образование.

2. Во врска со наодот на ревизорот дека од страна на училиштето не бил презентиран усвоен ценовник со кој висината на партиципацијата е утврдена на горенаведениот износ **би сакале извештајот да биде дополнет со следното:**

На ревизорот му беше доставен извадок од записникот на седницата на управниот одбор на училиштето со датум од 22. 04. 1996 год каде детално е образложено и на која е информиран управниот одбор за пресметката на трошоците на програмата на меѓународна матура и изработениот тригодишниот финансов план за потребите на програмата. На истата седница според записникот е утврдена висината на партиципацијата од 2000 германски марки за двете години.

3. Во врска со наодот дека не е добиена согласност од страна на МОН за висината на партиципацијата би сакале да напоменеме дека на ревизорот на увид му беа доставени документи со датум од 04.05.2000 год доставени до

тогашниот ресорен министер Г-дин Гале Галев каде во точка 3 детално се образложува потребата од зголемување на износот од партиципацијата и каде детално се разработени сите трошоци за потребите на програмата на меѓународна матура.

На писмото на училиштето не е писмено одговорено од страна на министерот, но Министерството следната учебна година по автоматизам распишува конкурс за запишување на ученици во таа паралелка.

На ревизорот му е доставен на увид извадок од Записник од седница на училишниот одбор, одржана на 9 мај 2000г. каде стои дека е донесена одлука за зголемување на партиципацијата на 1500 германски марки со претходна согласност од ресорното министерство. Истата сума со подоцнежната промена на валута преминува во 1000 евра за година т.е. 2000 евра за двете години.

На ревизорот му беа презентирани и дописи од страна на организацијата за меѓународна матура со кое се известува училиштето за континуирано зголемување на испитните такси во текот на последните неколку години, но од страна на училиштето не е зголемен износот кој учениците го плаќаат. Бараме и ива да биде внесено во извештајот.

4. Во врска со наодот дека според член 3 од законот за средното образование каде стои дека средното образование е бесплатно би сакале да напоменеме дека на ревизорот му беа доставени на увид следните документи:

- Барање за обезбедување на средства од страна на Министерството за образование за плаќање на годишната уписнина за програмата на меѓународна матура и Решението за обезбедување на средства бр. 11-6301 од 02.09.2008 год каде е наведено дека средствата се обезбедуваат според раздел 16001 програма 3 потпрограма 30 ставка 426 потставка 426990. потпишано од Министерот за образование Перо Стојановски.
- На 10.03.2008 год. е доставено образложение до Секторот за средно образование на Град Скопје за неискористени приходи од партиципацијата за програмата на меѓунардона матура, а каде детално е наведено дека средствата од партиципацијата се трошат наменски и според однапред подготвен план одобред од Собранието на град Скопје.
- На 11. 02. 2009 год е доставенио образложение до Министерството за финансии за приходите од партиципација за програмата на меѓународна матура.

Секоја година во текот на јуни, а посебно во 2008,2009 и 2010 откако се донесе законот за задолжително средно образование кое е бесплатно, до секторот за средно образование на министерството за образование се доставува барање за одобрување средства за годишна уписнина и се доставува целата документација за програмата на Меѓународна матура за годишната програма за работа ја одобрува Собранието на град Скопје

Од страна на Министерството за образование и наука или пак од секторот за средно образование на Град Скопје, училиштето досега нема добиено писмен допис дека програмата за меѓународна матура треба да биде

бесплатна и дека учениците не треба да партиципираат во реализацијата на истата. Бараме и ова да биде внесено во извештајот.

**Би сакале да укажеме до овластениот државен ревизор да ги внесе нашите забелешки во врска со точката 3.1 за усогласеноста со закони и прописи како би се стекнала пореална слика за статусот на програмата на Меѓународна матура и би се овозможило понатамошно успешно функционирање со вклучување на ресорното министерство преку регулирање на сите потребни правни документи во врска со финансирањето на истата.**

Со почит,
Д и р е к т о р
Д-р Снежана Мироновска

**Одговор на забелешки**
**по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**
**од Средно училиште на град Скопје „Јосип Броз Тито“- Скопје,**

На ден 15.11.2010 година под архивски број 09-162/9 добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на Овластениот државен ревизор од СУГС „Јосип Броз Тито“ - Скопје. Забелешките се разгледани од страна на ревизорскиот тим и по истите е констатирано следново:

**Сметка за буџет од самофинансирачки активности**

Коментарите на директорот на СУГС „Јосип Броз Тито“ - Скопје наведени во точките 1, 2, 3 и 4 од примените забелешки се однесуваат на наодите изнесени во точката 3.1.1 од Нацрт извештајот:

1. Забелешката наведена во точка 1, а во врска со дополнување на точката 3.1.1 од Нацрт извештај со измените на Законот за средно образование од 2002 година **не се прифаќа,** од причини што постоењето на програмата за меѓународната матура е регулирано со решение донесено од страна на МОН и нејзиното постоење не е спорно што е констатирано со Нацрт извештајот.

2. Забелешките наведени во точките 2 и 3, кои се однесуваат на наодите од точка 3.1.1, а во врска со неусвоен ценовник од страна на Училишниот одбор за партиципација за упис на учениците во висина од 2000 евра, непостоење на калкулација на трошоците со што би се добила реалната цена на партиципацијата и непостоење на акт со кој би се одредило за кој намени би се користеле уплатените средства **не се прифаќа,** од причини што во прилог не е доставена поткрепувачка документација како доказ дека истите се подготвени. Објаснувањето кое е дадено во забелешките според кое партиципацијата во висина од 1500 германски марки, по автоматизам со промената на валутата преминала во износ од 1000 евра за една година, односно 2000 евра за две учебни години, не е издржана со оглед на тоа дека паритетот на конверзијата на германските марки во евра изнесуваше 1,96 марки за 1 евро. Ова значи дека без одлука на Училишниот одбор или одобрение од МОН, самоволно е извршено зголемување на износот за партиципација за упис.

3. Забелешката дадена во точката 4, која се однесува на констатацијата во Нацрт извештајот дека според член 3 од Законот за средно образование дека средното образование е бесплатно **не се прифаќа** поради тоа што изнесеното упатува на доставени барања до МОН и Градот Скопје за одобрување на средства за програмата за меѓународна матура, на кои не е одговорено. Ваквата состојба го потврдува наодот на ревизорот.

Скопје, 25.11.2010 година Овластен државен ревизор

____________________